# ПРАВИЛНИК
## за содржината и начинот на составување на Годишниот даночен биланс за обврзниците кои вршат самостојна дејност и водат деловни книги

**("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/02, 58/02 и 1/07**
**Од 06.01.2007 година)**

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на составување на годишниот даночен биланс за обврзниците кои остваруваат приходи од вршење на самостојна дејност и кои согласно со член 59, став 1, од Законот за персонален данок на доход (во натамошниот текст: Законот), се должни да водат деловни книги.

### Член 2

Обврзниците од член 1 на овој правилник составуваат годишен даночен биланс на образецот "ПДД-ДБ", кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: податоци за обврзникот и за приемот на образецот, податоци преку кои се утврдува основата за пресметување на данокот, даночните олеснувања и ослободувања, данокот за плаќање, податоци за подносителот и општи напомени и упатство за пополнување на образецот "ПДД-ДБ".

### Член 3

Во делот наменет за податоци за обврзникот се искажува: единствениот даночен број на обврзникот и матичниот број на обврзникот од личната карта, името и презимето, фирмата, седиштето на фирмата, како и адреса и и број на телефон/телефакс на кој може со него да се контактира.

Во горниот десен агол на образецот се искажува датум и број на приемот, даночниот период и рокот за поднесување.

### Член 4

Во делот А. Утврдување на основата за пресметување на данокот на нето приходот од самостојна дејност - се искажува нето приходот односно загубата, утврдена со Билансот на приходи и расходи на образецот "Б" и се искажуваат по

одделни видови сите расходи кои не се признаваат за даночни цели.

**Член 5**

Во делот Б. Даночни олеснувања и ослободувања - се искажуваат сите даночни олеснувања и ослободувања што се пресметуваат на основата и се искажуваат сите даночни ослободувања на пресметаниот данок.

**Член 6**

Во делот В. Данок за плаќање - се искажува пресметаниот годишен данок, уплатените аконтации на данокот во текот на годината за која се пресметува данокот и утврдената разлика.

**Член 7**

До Управата за јавни приходи и до Централниот регистар образецот од член 2 на овој правилник се поднесува, во по еден примерок, најдоцна до 15 март во наредната година.

**Член 8**

Образецот "ПДД-ДБ" се заменува со нов образец "ПДД-ДБ", кој е даден во прилог на овој правилник.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија.

**Бр. 10-50045/3-07** **Министер за финасии**

**Скопје, 08.01.2008 година** **д-р Трајко Славески, с.р.**